# РАДИО НАСТАВА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Иако денес има се поголем број на медиуми и социјални мрежи радиото сеуште има значајно место во светот на медиумите. Радиото пренесува информации кои однесуваат на на јавни , заеднички, интересни и актуелни теми во која било област од општествениот живот . Неговата улога во денешните новосоздадени услови на глобална пандемија може да биде силно изразена. Во трудот се зборува токму за тоа. Како радиото може да се примени во наставата .Во трудот е поместена и анкета спроведена во Македонија, Австрија, и Америка на прашања за тоа што мислат за настава преку радио.

Клучни зборови: радио,пандемија,настава

# RADIO TEACHING DURING PANDEMIC

Although today there is a growing number of media and social networks, radio still has a significant place in the world of media. The radio transmits information that relates to public, common, interesting and current topics in any area of social life. Its role in today's emerging conditions of a global pandemic can be strongly expressed. This is exactly what the paper talks about. How radio can be used in teaching. The paper also includes a survey conducted in Macedonia, Austria, and America on questions about what they think about teaching through radio.
Key words: radio,pandemic,teaching

Радиото може да биде моќно средство и важен фактор во воспитанието и образованието, како резултат на неговата специфична улога. Тоа е како резултат на тоа што радиото го слуша голем аудиториум. Радио емисиите најбргу стигнуваат до слушателите особено денес кога по пат на интернет радиото е достапно речиси насекаде. Па така преку радио емисиите и во најоддалечените точки од културните центри може да ги слушнат уметничките дела од книжевноста, драмското, музичкото творештво и радио наставата. На тој начин радиото е линк на жив и непосреден контакт со илјадници слушатели со достигнувањата од сите сфери на човечкото живеење. Вообичаено радиото се смета како алатка со информативен и агитационен карактер. Но, радиото со своето воспитно образовно влијание воопшто не заостанува зад оние институции кои се етаблирани во таа сфера. Се разбира дека процесот – радиото во наставата е сложен и е процес пред кој се исправени неколку важни прашања. На пример:

1. Како радиото да се претвори во средство за планско воспитување во училиштето;
2. Какви се можностите за користење на радиото во наставата;
3. Можноста за користењето на радиото како облик за вон школска активност;

4. Некои дидактички прашања во врска со користењето на радиото;

5. Основните средства и принципи специфични за радио изразувањето.

Тргнувајќи од фактот дека училиштето односно наставата претставува најорганизиран и најмасовен облик на воспитно образовна работа.

Пандемијата предизвика тектонски пореметувања во сите сегменти на животот.Еден таков сегмент беше и училишната настава. Радиото низ историјата одсекогаш се покажувало како медиум кој лесно се приспособува на кризните ситуации. Во текот на историјата, во време на големи природни катастрофи и здравствени кризи , радиото имало водечка улога во информирањето благодарение на фактот на неговата, универзалност, и достапеност. Со затворањето на училиштата за секаков вид на настава беа погодени сите вклучени во образовниот процес. “Најранливи во новонастанатата сосотојба предизвикана од пандемијата КОВИД-19 беа оние ученици кои немаа простап до интернет односно најранливите категории. Па така, УНЕСКО (2020) ги наведува препораките за поефикасна онлајн настава: преглед и избор на најдобри алатки на технологијата (дигитални платформи, Видеочасови, радио, телевизиска и интернет поврзаност), гарантирање за вклученост во програмата за настава на далечина на ранливите категории,заштита на приватноста и сигурност на податоците(употребна на апликации и платформи кои ја гарантират приватноста на личните податоци),создавање на заедница за меѓусебна интеракција,планирање на часовите и сл.“( dr.sc.Aleksandra Tonković I dr Djelovanje pandemije Covid-19 na obrazovanje diljem svijet).

Една од предностите на радио наставата преку радиото,а е во врска со обработка на одделни наставни единици е тоа што,преку радио програмата може да се презентира материјал до кој наставникот може потешко да дојде, а истиот ќе се користи како документација и за оживување на наставата по историја.Овој материјал,благодарение на алатките кои радиото од една страна како и на прикладните форми на емисии кои радиото може да ги понуди, радио драмите на пример,може да биде изложен на жив, и за на учениците интересен начин.На овој начин,радио наставата многу може да помогне да историската материја која е апстрактна или тешко сфатлива да им биде достапна на поедноставен начин. Под услов емисиите да се работат студиозно педагошки поткрепени, и водејќи сметка за веродостојноста на историските факти, со цел правилно да се разберат историските епохи,настани и личности.За тоа колку е важен педагошкиот аспект во дигиталната настава говори следниот податок: Светскиот извештај за развојот на Светската банка за 2018 година покажа дека образовната технологија е многу повеќе од само давање компјутери или уреди на децата во Бразил. Дека без педагошка содржина нема никаква корист од образовната технологија се докажува со неуспехот на кампањата "еден лаптоп по дете" Таму иницијативата за дистрибуција на три милиони лаптопи на основните училишта пропадна. Не најдовме докази дека програмата го подобрила учењето во предметите како

математика или јазици. Една од причините беше недостатокот на соодветна дигитална институционална поддршка.( Milan Milošević,Cena izgubljenih casova-Dosije skola u pandemiji)[1]. Радио наставата како алатка,исто така, може да се користи и за дополнување на изгубените часови.Според едно истражување на УНЕСКО, 1,6 милијарди деца не биле во училниците во периодот на пикот на пандимијата во 2019/20 година, што претставува 91,3 отсто од вкупниот број на ученици во светот. Одбележувајќи ја првата годишнина од најголемиот прекин на учењето во поновата историја, УНЕСКО ги свикал светските министри за образование на 29 март 2021 година на онлајн настан насловен како "Една година ковид ,давање насоки за закрепнувањето на образованието за да се избегне генерациска катастрофа." Настанот се фокусирал на три теми: повторно отпочнување на училиштата и поддршка на генијалноста; усовршување на отпадите од училиштата и загубите од учење; Забрзување на дигиталната трансформација. Според истражувањето на УНЕСКО, повеќето влади во светот (од 133 земји) презеле некои чекори за намалување на негативното влијание на пандемијата врз образованието. Во 46 отсто од земјите испитани од УНЕСКО, средствата за далечински училишта добија приоритет за да се обезбеди континуитет на учењето. Во 86 земји се користат владини дигитални веб-сајтови или апликации, а во 38 земји други апликации или веб-сајтови базирани на независно учење (Многу извештаи зборуваат за обидите да се обезбеди континуитет на далечинското учење преку комбинација на дигитална технологија, интернет, телевизија, радио и смартфон. Повеќе инвестиции во дигитални и не-дигитални ресурси се инвестирани во Конго, Еквадор, Индија, Иран, Лаос, Малдивите, Маврициус, Оман, Романија и Венецуела.

За подобро и длабински да се разбере историјата потребно е предвидениот материјал да биде подготвен со живописни и сликовити црти.Радиото ја оживува историјата,не пренесува во различни временски епохи и во најоддалечените места. Еве еден пример. Земаме сцена во која го објаснуваме како изгледал некој средновековен град и го опишуваме плоштадот во тој град. Во сцената освен гласовите на продавачите и купувачите се слуша и гласот на нараторот(учителот) кој ја објаснува целата ситуација од денешен аспект.Притоа како што потенциравме се користат исклучиво автентични историски и научни извори.Сцената може да се надополни со извадоци од книжевни дела од тој временски период,пропратена со автентична музика од тој период.Сите овие елементи склопени во една логична целина ја прават сликата многу по пластична и релана. Се разбира дека историските настани од поновата историја,со оглед на големиот број на историски материјали кои ги имаме на располагање ни даваат многу повеќе можности за нивно оживување и преставување.Сликовитото преставување на настаните ја поттикнува фантазијата и наведува кон логисчко размислување, а тоа всушност е и целта на наставникот по историја при предавањето на соодветната наставна содржина.

[1] Cena izgubljenih časova - Dosije – Škola u pandemiji - Nedeljnik Vreme

За успешно користење на Радио емисии во наставата,најприродно е тие емисии да бидат составен односно органски дел во наставата во училиштето. Покрај живиот збор, учебникот,сликите и другите помошни средства,радио емисијата,да се користи како еден од изворите за материјал за обработка на некои методски единици.Или во услови на пандемија.

Во кој обем би се користело радиото во наставата по историја зависи од иницијативата и снаодливоста на наставникот како и од неговиот творечки однос кон емисијата.Услов за потполно користење на радиото во наставата по историја не е само таа да биде во согласнот со наставниот план и програма и во тоа истата да биде објавена во точно предвидениот термин, туку зависи од претходната подготовка на наставникот.Оваа подготовка не се однесува на тоа како наставникот се подготвува за теметската содржина што треба да ја предава,туку, во насока на подготовка на учениците да ја воспремат наставата по историја преку радио.

Кога зборуваме за радио настава се поставува и прашањето за обучувањењто на наставниците за користењето на радиото како алатка во наставана цел.Од голема помош може да бидат курсевите преку кои наставниците ќе се запознаат со основните елементи на радио техниката и обраќањето преку радио.Исто така, радио станиците без голем проблем можат да обезбедат и некои практични вежби и преку симулирање на снимање емисии да се покаже како практично функционира се онаа што е поврзано со снимањето и емитирањето на радио емисиите.

Кога станува збор за користењето на радиото во наставна цел,истото,не може да се употребува при обработување на материја која бара употреба на нагледни средства како карта,цртежи,слики,модели и слично.Во радио наставата треба да се избегнуват наставни содржини кои се тешки за разбирање и кои бараат индивидуална работа.Бидејќи радиото се обраќа аудитивно,а да се избегне опасноста од пасивизација,потребно е материјата која се предава или образложува да овозможува учениците да ги поттикне на размислување или за индивидуално истражување за време на слушањето на радио наставата или по завршувањето на истата. За да се задржи или поттикне вниманието,радио наставата,треба да е нов и оргинален фактор во образованието и воспитувањето. Исто така,не помалку важен факт е тоа дека од радио наставата треба да се исклучат или избегнат теми кои по својата природа не можат да се прилагодат на радиофонска обработка или едноставно кажано материја што не може да се преведе на радио-јазик.Погрешна би била употребата на радиото ако од него се бара да реализира нешто што полесно може да се прилагоди со други визуелни средства како што се на пример филм или слично.

Се разбира дека радиото никогаш нема да може да го замени наставникот и наставниот процес во училиштето.Ништо не може да ја замени непосредната настава како и од непосредниот збор на наставникот.Радио емисиите се помошно средство во наставата. Радио наставата како дигитална алатка како опција и онлине настатава која беше носител на наставниот процес во екот на пандемијата, како иден предизвик може да генериртат нови идеи кои би биле состевен дел во идното управување и менаџирање со образованието.

Литература

1. Prof. dr Zoran Keković KRIZA COVID-19: OD MENADŽERSKE TEORIJE DO PRAKSE Zbirka autorizovanih predavanja sa vebinara održanih za vreme pandemije. Institut za standardizaciju Srbije Centar za analizu rizika i upravljanje krizama – Beograd.2020
2. Dr. sc. Aleksandra Tonkovići dr, Djelovanje pandemije Covid-19 na obrazovanje diljem svijeta.
**3.** Unesdoc**,**https://unesdoc.unesco.org
4. https://theconversation.com/
5. Supporting-the-continuation-of-teaching-and-learning-during-the-COVID-19-pandemic.pdf (oecd.org)